ДЗР

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број: 03-76/8**
**Датум: 13.03.2023 година**

Врз основа на член 11 став 6 од Закон за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.203/2022) а во врска со Известување од Министерство за финансии број 08-13416/5 од 29.12.2022 година, објавен Јавен оглас број 47-76/1 од 13.01.2023 година, за пријавување на заинтересирани лица за избор на еден (1) предлог – член од Државниот завод за ревизија во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија, Решение број 03-76/3 од 30.01.2023 година за формирање Комисија за разгледување и одлучување по апликации по Јавниот оглас број 47-76/1 од 13.01.2023 година и Записник број 47-76/7 од 17.02.2023 година од спроведена евалуација на Комисијата за разгледување и одлучување по апликации по јавниот оглас број 47-76/1 од 13.01.2023 година, Главниот државен ревизор на ден 13.03.2023 година донесе:

# ОДЛУКА

## За избор на еден (1) предлог – член од Државниот завод за ревизија во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија

1. Проф. Д-р Марина Трпеска, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј" од Скопје се избира за предлог - член од Државниот завод за ревизија во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија.

2. Со денот на стапување во сила на оваа Одлука, Државниот завод за ревизија до Министерството за финансии доставува предлог за избор на членот од точка 1 од оваа Одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување, истата се објавува на официјалната веб страна и Фејсбук страна на Државниот завод за ревизија и се доставува до Министерство за финансии и Собранието на Република Северна Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно одредбите од член 11 став (6) од Закон за буџетите („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.203/2022) Фискалниот совет се состои од три члена, при што по еден член предлага Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), Државниот завод за ревизија и Народната банка на Република Северна Македонија, а ги именува Собранието на Република Северна Македонија.

Согласно одредбите од член 11 став (7) од истиот Закон, горенаведените институции можат да распишат јавен оглас за пријавување на заинтересирани лица кои ги исполнуваат условите предвидени со овој Закон за членови на Фискалниот совет.

Министерството за финансии, со Известување број 08-13416/5 од 29.12.2022 година, го извести Државниот завод за ревизија за потреба од назначување на член во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија.

Постапувајќи согласно одредбите од член 11 став (7) од Закон за буџетите објавен е Јавен оглас број 47-76/1 од 13.01.2023 година, за пријавување на заинтересирани лица за избор на еден (1) предлог – член од Државниот завод за ревизија во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија.

Врз основа на објавениот оглас и примените апликации, Главниот државен ревизор формира Комисија за разгледување и одлучување по апликации по Јавниот оглас број 03-76/3 од 30.01.2023 година, составена од еден внатрешен член и воедно претседател на Комисијата од редот на помошниците на главниот државен ревизор, два члена научни работници од Високо образовните институции со кои ДЗР има склучено меморандум за соработка и, по претходно барање од Државниот завод за ревизија, во работата на комисијата во својство на набљудувачи заради целите на транспарентност и јавност во постапката на евалуација определен е по еден претставник од:

- Делегацијата на Европската Унија во Република Северна Македонија,
- Амбасадата на Соединетите американски држави во Република Северна Македонија, и
- Програмата за развој на ООН – УНДП во Скопје.

Согласно Записникот на Комисијата од спроведената евалуација број 47-76/7 од 17.02.2023 година, во кој за Проф. Д-р Марина Трпеска, редовен професор на Економскиот факултет при Универзитет „Свети Кирил и Методиј“ е констатирано дека ги исполнува условите од член 11 од Законот за буџети за член во Фискалниот совет на Република Северна Македонија и во исто време е највисоко евалуиран кандидат Главниот државен ревизор одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Главен државен ревизор**

**М-р Максим Ацевски**

Прилог:

- Јавен оглас број 47-76/1 од 13.01.2023 година
- Решение за формирање на Комисија за разгледување и одлучување по апликации број 03-76/3 од 30.01.2023 година
- Записник од спроведена евалуација број 47-76/7 од 17.02.2023 година
- Одлука број 03-76/8 од 13.03.2023 година за избор на предлог член од ДЗР во Фискалниот совет на Република Северна Македонија.
- Мотивациско писмо и лична биографија (ЦВ) на Проф. Д-р Марина Трпеска

Изработил: м-р Весна Богдановиќ, помлад ревизор

Контролирал: м-р Александар Поповски, генерален секретар

europass Кратка биографија

Лични информации



# МАРИНА ТРПЕСКА


Бул. Партизански одреди 34а/7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија

+38923286921 +38971345640

MARINAS@ECCF.UKIM.EDU.MK


Пол женски | Датум на раѓање 30.01.1981 | Државјанство Македонско

## Работно искуство

**СЕПТЕМВРИ 2021 - ТЕКОВНО**

### Раководител на Катедра по сметководство и ревизија

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски факултет – Скопје, Бул. Гоце Делчев 9в, 1000 Скопје, Република Северна Македонија www.eccf.ukim.edu.mk

Раководител на Катедрата по сметководство и ревизија и член на Деканатска управа на Економски факултет – Скопје одговорна за работењето на Катедрата, организациски активности на катедрата и нејзините членови,

Високо образование

**ЈАНУАРИ 2005 - ТЕКОВНО**

### Редовен професор

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски факултет – Скопје, Бул. Гоце Делчев 9в, 1000 Скопје, Република Северна Македонија www.eccf.ukim.edu.mk

Редовен професор по предметите Основи на сметководство, Управувачко сметководство 1 и Управувачко сметководство 2. Одржување настава, спроведување на испити, оценување, менторирање на магистранти и докторанди, научно истражувачка работа, раководител на стандардот за уверување за учење како дел од меѓународна акредитација и останати наставно-научни активности.

Високо образование

**СЕПТЕМВРИ 2003 – ЈАНУАРИ 2005**

### Соработник

Министерство за финансии на Република Северна Македонија www.finance.gov.mk

Соработник во одделение за управување со ликвидност, сектор за трезор. Одобрување на планови и следење на дневна, неделна, месечна, квартална и годишна ликвидност, како и изготвување на неделни, месечни, квартални и годишни проекции на приходи и расходи.

Јавен сектор

**СЕПТЕМВРИ 2020 - ТЕКОВНО**

### Координатор за професионално сертифицирање

Институт на овластени ревизори на Република Северна Македонија, Скопје, Република Северна Македонија

Координатор за сите 8 испити потребни за стекнување на професионално звање Овластен ревизор.

Професионална организација

**СЕПТЕМВРИ 2015 - ТЕКОВНО**

### Консултант - експерт

УНДП

© Европска Унија, 2002-2018 | europass.cedefop.europa.eu

- Проект за компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа во првата половина на 2022 година
- Проект за компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа во 2021 година
- Ревизија и коментари на индикаторите кои се дел од Националната стратегија 2022-2042
- Проект за компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа во периодот 2013-2020 година
- Проект за наплата на даноци во единиците на локалната самоуправа 2019 година
- Проект за истражување на можноста за издавање на општинска обврзница
- ПЕФА оценување на локално ниво, 2017 и 2020 година
- Зајакнување на општинските совети 2019 година

Меѓународна организација

2009 - ТЕКОВНО

## Предавач на континуирано професионално усовршување

Здружение на финансиски работници и Институт на овластени ревизори

Одржани предавања за континуирана професионална едукација за овластени ревизори и овластени сметководители на различни теми од областа на сметководството и ревизијата

Професионални национални организации

2009 - ТЕКОВНО

## Предавач и тим лидер – Сертифициран предавач на Chartered Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA)

Center of Excellence in Finance, Љубљана, Словенија

Спроведување на обуки во делот на Управувачко сметководство и Управување со финансии за сертифицирање на овластени сметководители во јавен сектор и внатрешни ревизори во јавен сектор.

Меѓународна организација

2009 - ТЕКОВНО

## Експерт- длабински анализи, економско-финансиски вештачења

Биро за судски вештачења, Економски факултет – Скопје

Дел од експертски тим за реализација на длабински анализи за работењето на Мермерен комбинат – Прилеп, Охис АД Скопје за потребите на трансформација на државен долг (2013 година)

Дел од тим за бројни вештачења и супервештачења од област на материјално сметководствено и финансиско работење

Јавен сектор и приватен сектор

ЈУНИ 2022 – ЈУНИ 2024

## Учесник во меѓународен проект SCORE Project – Structural Capacities for Tackling Wicked Problems

ERASMUS+ project, Coordinator: Ss. Cyril and Methodius University, Partners: Sofia University St. Kliment Ohridski, Bulgaria, Czech University of Life Sciences Prague, Czech Republic and Panepistimio Ioanninon, Greece

Испитување на комплексни проблеми, нивно мапирање и креирање на база за истражување

Високо образование

НОЕМВРИ 2022 – НОЕМВРИ 2023

## Раководител на проект "Новата нормалност во пост-ковид периодот во две области: ревизорската професија и економијата на искуства"

Економски факултет – Скопје, Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје

Раководител на научно-истражувачки проект финансиран од УКИМ

Високо Образование

ЈАНУАРИ 2023 – АВГУСТ 2024

## Учесник во меѓународен проект CORFU – Corruption free universities in Albania, North Macedonia and Serbia

Smart Balkans program, financed by the Ministry of Foreign Affairs of the Kingdom of Norway
Истражување на корупција во високообразовни институции во три земји и спречување на истата

Високо образование

2005 – 2020

## Останати завршени проекти

1. Превод на Стандарди за меѓународно финансиско известување и Меѓународни стандарди за ревизија, Институт на овластени ревизори на Република Македонија, 2009
2. **Имплементација на ЕРП систем во Министерство за труд и социјална работа,** одговорна за модулите за буџетирање, сметководство и завршни сметки на буџетскиот корисник и сите буџетски корисници од втора линија, 2009-2010
3. Изработка на база на прашања и студии на случај од областа на јавните финансии за потребите на Министерство за информатичко општество, 2016
4. **Проект Граѓанските организации во служба на локалната демократ*ија,*** финансиран од Европската Унија, претставувана од Делегацијата на Европската Унија во Скопје преку повикот EuropeAid/151569/DD/ACT/MK спроведуван од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) Скопје, Европското движење и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија Велес, 2017-2018
5. **Научно истражувачи проект "Анализа на ставовите и перцепциите на студентите, работодавачите и академската заедница за современите вештини и знаења во сметководствената професија",** Економски факултет – Скопје, УКИМ, 2017-2018
6. Проект "Добро владеење на локланата демократија и граѓанското учество на ниво на локална самоуправа" поддржан од грант на Цивика Мобилитас и Швајцарска агенција за соработка и развој во рамки на кој беа изработени ПЕФА извештаи за 10 општини, 2018
7. Проект „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации – Договор за развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование" Договор за услуги бр. 001-15/2.1.2, Министерство за образование и наука, 2019
8. Проект "Expenditure Analysis of the Adequacy, Efficiency, Effectiveness and Equity of Government Budget in the Area of Justice for Children in North Macedonia", Институт за стратешко истражување и едукација – Скопје, финансиран од ЕУ, имплементиран од УНИЦЕФ Македонија, 2020-2021

## Образование и обука

2009 – 2013

### Доктор на економски науки

Заменете со EQF ниво, ако е познато

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски факултет – Скопје, Бул. Гоце Делчев 9в, 1000 Скопје, Република Северна Македонија www.eccf.ukim.edu.mk

Сметководствени аспекти на современи системи за мерење на резултати: концепти, проблеми и предизвици

2007 – 2008

### Визитинг истражувач

Заменете со EQF ниво, ако е познато

Georgetown University and George Washington University, School of Business, Department of Accountancy, Washington DC, USA

Visiting Scholar на група предмети од областа на сметководството

2005 – 2008

### Магистер по сметководство и финансии

Заменете со EQF ниво, ако е познато

London College, University College of Kensington, London, UK

Магистерски труд "Performance Measurement Systems in Manufacturing Companies in the Republic of Macedonia"

1999 – 2003

### Дипломиран економист

Заменете со EQF ниво, ако е познато

Универзитет Св. Кирил и Методиј, Економски факултет – Скопје, Бул. Гоце Делчев 9в, 1000 Скопје, Република Северна Македонија www.eccf.ukim.edu.mk

Финансиско сметководство, Управувачко сметководство, Ревизија, Анализа на финансиски извештаи, Сметководствени информациони системи

## Лични вештини

**Мајчин јазик** Македонски јазик

**Други јазици**

| | РАЗБИРАЊЕ | | ЗБОРУВАЊЕ | | ПИШУВАЊЕ |
|---|---|---|---|---|---|
| | Слушање | Читање | Вербална интеракција | Вербална продукција | |
| Англиски јазик | C2 | C2 | C2 | C2 | C2 |
| | Наведете со сертификат за јазик. Внесете ниво, ако е познато. | | | | |
| Хрватски/Српски | C2 | C2 | C2 | C2 | C2 |
| | Наведете со сертификат за јазик. Внесете ниво, ако е познато. | | | | |
| Бугарски | B2 | B2 | B2 | B2 | B2 |
| | Наведете со сертификат за јазик. Внесете ниво, ако е познато. | | | | |

Ниво: A1/A2: Почетник - B1/B2: Независен корисник - C1/C2: Напреден корисник
Заедничка европска рамка за референци на јазици

**Комуникациски вештини**

Организирана личност, насочена кон решавање на проблеми, одговорна, изразени референцијални вредности за праведност, еднаквост и достоинство, способна да воспостави и одржи добри работни односи со личности од различна националност и култура стекнати преку бројните престои во странство

**Организациски/менаџерски вештини**

Работење во тим, лидер на тим, зборење пред поголеми групи слушатели, успешно извршување на повеќе задачи истовремено, строго запазувајќи ги крајните рокови

**Вештини и знаења поврзани со работата**

Изготвување на финансиски извештаи, изготвување на планови и проекции на приходи и расходи, анализа на буџет, праг на рентабилност, определување на цени, мерење на резултатите од работењето, имплементирање на интерни контроли, имплементирање на софтверски решенија од делот на сметководството и финансиите

**Дигитални вештини**

| САМОПРОЦЕНКА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Обработка на информации | Комуникација | Креирање на содржини | Безбедност | Решавање на проблеми |
| Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник | Напреден корисник |

Ниво: Почетник - Независен корисник - Напреден корисник
Дигитални вештини - Мрежа за само-оценување

Наведете ИКТ сертификати

- добро владеење на Office пакетот (обработка на текстови, табеларни пресметки, презентациски софтвер)
- добро владеење на софтвер за едитирање фотографии стекнато како фотограф аматер

**Други вештини**

- Фотографирање, читање, планинарење, скијање, велосипедизам, патување

**Возачка дозвола** Б

## Дополнителни информации

## Анекси

**Член на меѓународни уредувачки одбори на конференции и списанија**

- 1st International Scientific Conference – Contemporary Financial Management Conference, 7-11 December 2022 – член
- 3та меѓународна научна конференција Economic and Business Trends Shaping the Future, 10-11 ноември 2022, Скопје – Претседател
- 2ра меѓународна научна конференција Economic and Business Trends Shaping the Future, 11-12 ноември 2021, Скопје – член
- International Scientific Conference Sustainable Finance, Insurance and Reporting: Principles, Practices and Challenges, 24 May 2021, Nis, Serbia, член
- International Scientific Jubilee Conference 2018: "Transforming the business for future: Building a modern HR organization", University Ss. Cyril and Methodius, Faculty of Economics – Skopje, 4-5 October 2018, член
- Facta Universitatis, Series: Economics and Organizations, ISSN: 0354-1699 (print), ISSN: 2406-050X (online), од март 2019
- Меѓународна конференција по повод 60 години од основање на Економски факултет – Скопје, 2010 – член
- Годишник на Економски факултет – Скопје 2009 – член

**Студиски престои**

- Center for Financial Reporting Reform, World Bank, ноември – декември 2022, Виена, Австрија
- Учество на XIV International Accounting Research Symposium, Summer School Current Trends in Accounting Research, Universidad Autonoma de Madrid, Јуни - Јули 2018, Мадрид, Шпанија
- Visiting Scholar на University of Graz, Faculty of Economics, Center for Accounting Research, Грац, Австрија, ноември – декември 2011
- EDEN Семинар за докторанди за пишување на докторска дисертација, Европски институт за напредни студии по менаџмент (EIASM) и ISM Универзитетот за менаџмент и економија, Вилниус, Литванија, јуни – јули, 2010
- Visiting Scholar при George Washington University, School of Accountancy и Georgetown University, Washington DC, САД, август 2007 – јули 2008

**Публикации**

**Универзитетски учебници**

- Основи на сметководство, Економски факултет – Скопје, прво издание 2019, последно издание 2022
- Збирка задачи по сметководство, Економски факултет – Скопје, прво издание 2020, последно издание 2022

**Монографии**

1. Коавтор на монографија „Анализата на ставовите и перцепциите на студентите, работодавачите и на академската заедница за современите вештини и знаења во сметководствената професија", Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Економски факултет – Скопје, Скопје, Јули 2018, ISBN: 978-608-212-059-1
2. Истражување на финансиската и нефинансиската поддршка на граѓанските организации од локалните власти, Здружение на финансиски работници, Велес, 2018
3. **Развој на ревизорската професија на Балканот, „Развој на ревизорската професија во Република Македонија"**, Монографија издадена на англиски јазик и промовирана на 13-от Светски конгрес на сметководители историчари, одржна во Њу Касл, Велика Британија, 17-19 јули 2012

**Меѓународни списанија**

- Dionisijev, Ivan; Bozhinovska Lazarevska, Zorica; Trpeska, Marina; Atanasovski, Atanasko; (2022), "The supreme audit institution in the Republic of North Macedonia – two decades of building public trust", *Journal of Public Budgeting, Accounting & Financial Management,* Vol. ahead-of-print No. ahead-of-print, DOI 10.1108/JPBAFM-08-2021-0129 https://www.emerald.com/insight/content/doi/10.1108/JPBAFM-08-2021-0129/full/html?skipTracking=true
- Trpeska, Marina; Tocev, Todor; Dionisijev, Ivan; Malchev, Bojan; (2021); "Banks' Corporate Social Responsibility (CSR) Disclosure and their role in the betterment of society in the Republic of North Macedonia", *Facta Universitatis Series Economics and Organization*, 18(4):325-339, DOI: 10.22190/FUEO210628023T http://casopisi.junis.ni.ac.rs/index.php/FUEconOrg/article/view/7948/4371
- Atanasovski, A., Trpeska, M., and Lazarevska, Z.B. 2020. The Block Chain Technology and Its Limitations for True Disruptiveness of Accounting and Assurance. Journal of Applied Economic Sciences, Volume XV, Winter 4(70): 738-748 https://www.ceeol.com/search/journal-detail?id=1011
- Atanasovski, A., Trpeska, M., and Lazarevska, Z.B.: "Accounting Students' and Employers' Perceptions on Employability Skills in the SEE Country", European Financial and Accounting Journal, Vol. 13, No. 3, 2018, pp. 55-71, ISSN: 1802-2197 DOI:10.18267/j.efaj.213 (80%) https://efaj.vse.cz/pdfs/efa/2018/03/04.pdf https://efaj.vse.cz/about-journal/inf-990000-0100_Aim-and-Scope.php
- Trpeska, M., Atanasovski, A., Lazarevska, Z.B. (2017) **"The Relevance of Financial Information and Contents of the New Audit Report for Lending Decisions of Commercial Banks"**, Journal of Accounting and Management Information Systems, Vol. 16, No. 4, pp. 455-471
- Lazarevska, Z.B., Dimitrievska, M., Trpeska, M (2017) **"The Professional Skepticism in the Audit Profession in the Republic of Macedonia – Students versus External Auditors"**, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, ISSN: 1875-7741 (online), Vol. 19, No. 1-2, pp. 217-232

- Trpeska, M., Lazarevska, Z.B., Atanasovski, A. (2016) **"Towards Integrated Reporting: Analysis of Information Published on the Companies' Websites that could be Part of the Integrated Reporting"**, CEA Journal of Economics, ISSN: , ISSN: 1875-5250, Vol. 11, No. 2, December 2016, pp. 73-89
- Lazarevska, Z.B.; Trpeska, M. (2016) **"Who is who on the audit services market in the Republic of Macedonia – Big Four versus Non-big Four"**, CEA Journal of Economics, ISSN: 1875-5250, Vol. 11, No. 1, June 2016, pp. 21-42
  Lazarevska, Z.B.; Trpeska, M. (2016) **"The new audit report seen through the prism of the certified auditors – Research in the Republic of Macedonia"**, Economic Development, Journal of the Institute of Economics – Skopje, ISSN: 1875-7741 (online), Vol. 18, No. 1-2, pp. 91-113
- Atanasovski, A., Serafimoska, M., Jovanovski, K., Jovevski, D. (2015) **"Risk Disclosure Practices in Annual Reports of Listed Companies: Evidence from a Developing Country"**, Research Journal of Finance and Accounting, ISSN: 2222-1697 (Paper), 2222-2847 (Online), Vol. 6, No. 1, 2015 pp. 184-192
- **"Деловната етика од аспект на студентите во балканските земји – компаративно истражување"**, (на англиски), објавено во Меѓународно списание за сметководство и менаџменти информациони системи, ноември 2009
- **"Ревизија на економската суштина на трансакциите со по поврзаните страни: Позицијата на ревизорот да влијае врз насоката на странските инвестиции"**, (на романски), Audit Financiar, Вол. 4, Бр. 9/2007, Букурешт, Романија, септември 2007, стр. 25 – 30

**Зборници од Меѓународни конференции**

- Lazarevska, B. Zorica; Dionisijev, Ivan, Tocev, Todor; Trpeska, Marina; Atanasovski Atanasko; COVID-19 BLACK SWAN'S IMPACT ON THE INTERNAL AUDIT PROFESSION: THE CASE OF THE REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA, Proceedings of the FEB Zagreb 13th International Odyssey Conference on Economics and Business, June 1-4, 2022 Dubrovnik, Croatia and online **https://doi.org/10.22598/odyssey/2022.4 *0,6**
- Tocev, Todor; Malcev, Bojan; Trpeska, Marina; Minovski, Zoran: HOW DOES EU MEMBERSHIP AFFECT NON-FINANCIAL REPORTING? EVIDENCE FROM SELECTED BALKAN COUNTRIES, Proceedings of the 3rd International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, 2022, Skopje; DOI: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2022.0014
- Lazarevska, B. Zorica; Trpeska, Marina; Atanasovski Atanasko; Dionisijev, Ivan; "Audit profession in the shadow of the Covid-19 - A perception of auditors in the Republic of North Macedonia", Proceedings of the 1st International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, 2020, Skopje; DOI: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2020.0006 p: 73-90 2.
- Atanasovski, Atanasko ; Lazarevska, B. Zorica ; Trpeska, Marina, "Conceptual Framework for Understanding Emerging Technologies that Shape the Accounting and Assurance Profession of the Future", Proceedings of the 1st International Conference "Economic and Business Trends Shaping the Future, 2020, Skopje; DOI: http://doi.org/10.47063/EBTSF.2020.0005
- "Student Perception versus Employers' Expectation of Accounting Skills and Knowledge after Graduation", 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 8-9 December 2017, Zagreb, Croatia pp. 572 – 583 ISSN 1849- 7535 (Online)
- "The relevance of financial information and contents of the new audit report for lending decisions of commercial banks", 12th International Conference Accounting and Management Information Systems AMIS 2017, 7 – 8 June 2017, Bucharest, Romania, pp. 77 – 90 ISSN 2247-6245
- Serafimoska, M., Atanasovski, A., Kuzmanova, A., Jovevski, D., Jovanovski, K. (2014) **"Applying Performance Measurement Systems for Efficient Incentive Systems – Practice from the Companies in Macedonia"**, 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development and 4th Eastern European ESD Conference: Building Resilient Economy, ISBN: 978-953-6125-14-2, 19 December 2014, Zagreb, Croatia, pp. 423-432
- Jovanovski, K., Atanasovski, A., Jovevski, D., Serafimoska, M., Kuzmanova, A. (2014) **"Dollarization and the Macroeconomic Policies"**, 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development and 4th Eastern European ESD Conference: Building Resilient Economy, ISBN: 978-953-6125-14-2, 19 December 2014, Zagreb, Croatia, pp. 128-139
- **"Ревизорската професија на Балканот"**, (на англиски) 2-ра Конференција за историјана сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010
- **"Историски развој на државното сметководство во Република Македонија"**, (на англиски) 2-ра Конференција за историјана сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010
- **"Хармонизација на сметководственото известување во Република Македонија и Европската Унија во функција на регионална соработка и економска интеграција"**, (на англиски), III Меѓународна конференција за регионална соработка и економска инеграција: Предизвици и иможности, организирана од страна на Економски факултет – Скопје и Царинска управа на Република Македонија, Скопје, Република Македонија, октомври 2009
- **"Историја на финансискиот сектор во Република Македонија"**, (на англиски), 12-ти Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, Турција, јули 2008 – 2,7 поени
- **"Ревизорската професија во Република Македонија во насока на интегрирање со Европската Унија"**, (на англиски) Меѓународна Конференција – Предизвиците на економската наука и практика во процесот на интеграција во Европската Унија, Универзитетот во Ниш, Економски факултет, Ниш, Србија, октомври 2007 – 2,7 поени

- **"Хармонизација на сметководственото образование во функција на поголема конкурентност на компаниите"**, (на англиски), I Меѓународна конференција за хармонизација на сметководството и ревизијата на Балканот, Тракија Универзитетот, Факултетот за економски науки и администрација и Асоцијацијата на на академци од областа на сметководството и финансиите, Едирне, Турција, март 2007 – 1,8 поени
- **"Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија"**, (на англиски), Меѓународна конференција за сметководство и менаџмент информациони системи, Академија за економски науки во Букурешт, Факултет за сметководство и менаџмент информациони системи, Букурешт, Романија, ноември 2006

**Годишници на високообразовна институција**
- „Улогата на сметководството во борба против корупцијата", Годишник на Економски факултет – Скопје, ноември 2018, Том 53, стр. 531-546 ISSN: 0489-0922
- **"Planning as a Function in a Control System"**, Annual, Faculty of Economics – Skopje, Republic of Macedonia, November 2017, Vol. 52, pp. 487-502
- **"Benchmarking Implementation in the Macedonian Companies"**, Annual, Faculty of Economics – Skopje, Republic of Macedonia, November 2016, Vol. 51, pp. 471-481
- **"Contingency Theory in Management Accounting and Performance Measurement**", Annual, Faculty of Economics – Skopje, Republic of Macedonia, October 2015, Vol. 50
- **"Issues, advantages and disadvantages of performance measurement systems in the Republic of Macedonia"**, Annual, Faculty of Economics – Skopje, Republic of Macedonia, September 2014, Vol. 49
- **„Анализирање на истражувачки идеи и спроведување на научни истражувања со помош на софтверот IdeaPuzzle "**, Годишник на Економски факултет – Скопје, Декември 2012
- **„Односите помеѓу интелектуалниот капитал и системите за мерење на резулттаите во Република Македонија"**, Годишник на Економски факултет – Скопје, Ноември 2011
- **"Перцепција на студентите по сметководство и маркетинг за деловната етика во балканските земји"**, Годишник на Економски факултет – Скопје, декември 2009
- **"Усогласување на рамката за урамнотежени перспективи и стратегијата на компаниите користејќи го процесот на аналитичка хиерархија"**,Годишник на Економски факултет – Скопје, септември 2008
- **"Проблеми од имплементирањето на Меѓународниот сметководствен стандард 39 и негово влијание врз стејкхолдерите"**, Годишник на Економски факултет – Скопје, јуни 2006
- **"Хармонизација на сметководствената едукација во светски и регионални рамки"**, Годишник на Економски факултет - Скопје, јуни 2005

## Конференции

**Пленарни предавања на конференции**
- Round Table on Sustainability and Non-financial Reporting – Current Trends and Future Perspectives, University of Nis, 1 June 2022
- 11 Меѓународна годишна конференција на внатрешни ревизори, предавање на тема "Six Sigma and Lean Techniques for Internal Auditors", 11-13 Април 2019, Ловран, Хрватска
- Меѓународна конференција „Европска интеграција низ перспективата на соработка помеѓу граѓанските здруженија и локалните власти", Предавање на тема Финансиска и нефинансиска поддршка на локалните власти кон организациите од граѓанското општество, 6-7 ноември 2018, Голема сала на Град Скопје, Скопје
- **"Ревизорската професија на Балканот"**, (на англиски) 2-ра Конференција за историјана сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010

**Секциски предавања на конференции со труд**
- 1st International Contemporary Financial Management Conference, 7-11 December 2022, University of Belgrade, Faculty of Organizational Sciences, Belgrade, Serbia
- 3rd International Scientific Conference Economic and Business Trends Shaping the Future, 10-11 November 2022, Faculty of Economics – Skopje
- 13th International Odyssey Conference on Economics and Business, June 1-4, 2022 Dubrovnik, Croatia
- 44th EAA Annual Congress, 11-13 May 2022, Bergen, Norway
- 43th EAA Virtual Annual Congress, 26-28 May 2021, Brussels, Belgium (online) "The Small Audit Profession in the Great Shadow of Covid 19 – the Case of North Macedonia"
- International Scientific Conference "Sustainable Finance, Insurance and Reporting: Principles, Practices and Challenge", Faculty of Economics – University of Nish, 24.05.2021, Nish, Serbia (online) "*Banks' Corporate Responsibility (CSR) Disclosure and their Role in the Betterment of Society in the Republic of North Macedonia*"
- 1st international conference Economic and Business Trends Shaping the Future, 12-13 November 2020, Skopje, Macedonia (online), "Conceptual Framework for Understanding Emerging Technologies that Shape the Accounting and Assurance Profession of the Future" and "Audit profession in the shadow of the Covid-19 - A perception of auditors in the Republic of North Macedonia"
- 29th EBES Conference – Lisbon, October 10-12, 2019, Lisbon, Portugal, Hosted by ISCTE-IUL Instituto Universitario de Lisboa "The different dioptrIA of internal auditors versus external auditors in the observation of internal controls - research in the Republic of North Macedonia"

- ACA Symposium of the Institute of Accounting, Control, and Auditing, University of St.Gallen (ACA-HSG), 7-9 ноември 2018 "What story do the transparency reports on the market for audit services - The case of the Republic of Macedonia?"
- 26th International Scientific Conference on Economic and Social Development - "Building Resilient Society", 8-9 December 2017, Zagreb, Croatia
- 12th International Conference on Accounting and Management Information Systems, University of Economic Studies, 7-8 Јуни 2017, Букурешт, Романија
- International Conference on Accounting, Finance and Financial Institutions: Theory Meets Practice, 19-21 октомври 2016, Познањ, Полска
- 38 th Annual Congress of the European Accounting Association, 28-30 April 2015, Glasgow
- 8th International Scientific Conference on Economic and Social Development and 4th Eastern European ESD Conference: Building Resilient Economy, 19 декември 2014, Загреб, Хрватска
- **"Историски развој на државното сметководство во Република Македонија"**, (на англиски) 2-ра Конференција за историјана сметководството на Балканот и Блискиот Исток, Асоцијација на академци од областа на сметководството и финансиите, Истанбул, Турција, септември 2010
- **"Имплементирање на ERP Систем во државни институции – случајот со државна институција во Република Македонија"**, (на англиски)10-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни студии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Гент, Гент, Белгија, јуни 2010
- **"Имплементирање на системи за мерење на резултатите во Македонските компании"**, (на англиски), 9-та Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни студии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Мунстер, Мунстер, Германија, јуни 2009
- **"Историја на финансискиот сектор во Република Македонија"**, (на англиски), 12-ти Светски конгрес на сметководители историчари, Истанбул, Турција, јули 2008
- **"Придонесот на рамката за урамнотежени перспективи и интелектуалниот капитал при мерење на резултатите во компаниите"**, (на англиски) 8-ма Конференција за истражување во сметководството, Европски институт за напредни студии во Менаџментот (EIASM) и Универзитетот во Тренто, Економски факултет, Тренто, Италија, јуни 2007
- **"Хармонизација на сметководственото образование во функција на поголема конкурентност на компаниите"**, (на англиски), I Меѓународна конференција за хармонизација на сметководството и ревизијата на Балканот, Тракија Универзитетот, Факултетот за економски науки и администрација и Асоцијацијата на на академци од областа на сметководството и финансиите, Едирне, Турција, март 2007
- **"Стандардизација на финансиското известување во Република Македонија"**, (на англиски), Меѓународна конференција за сметководство и менаџмент информациони системи, Академија за економски науки во Букурешт, Факултет за сметководство и менаџмент информациони системи, Букурешт, Романија, ноември 2006
- **"Професионална едукација на ревизорите од Европска Унија и Република Македонија – компаративен пристап"**, (на англиски)10ти Светски конгрес за сметководствена едукација & 3та Годишна меѓународна конференција за сметководство, Меѓународна асоцијација за едукација и истражување во сметководството, Истанбул, Турција, ноември 2006

**Рецензент на учебници и стручни трудови за публикување во меѓународни списанија и конференции**

- Рецензент на универзитетски учебник "Евалуација финансијских перформанси" од авторите Милош Милосављевиќ, Тијана Обрадовиќ, Вељко Дмитровиќ, Нела Ракиќ, Слаѓана Барјактаровиќ Ракочевиќ во издание на Универзитетот во Белград, Факултет за организациски науки, 2022
- Рецензија на труд за Contemporary Financial Management Conference, 6-10 December 2022, Faculty of Organizational Sciences, Белград, Србија "Behavioural interventions in tax and fee collection – not always a success"
- Рецензија на труд за 10th International Odyssey Conference for Economics and Business, 12-15 June 2022, Faculty for Economics and Business, University of Zagreb, Croatia,
- Рецензија на труд за 10th International Odyssey Conference for Economics and Business, 12-15 June 2019, Faculty for Economics and Business, University of Zagreb, Croatia, "Non-financial reporting implementation – a Croatian-German Contemplation
- Рецензија на труд за Годишник на Економски факултет – Скопје, 2019, со наслов „ЕФИКАСНОСТ И МЕРЕЊЕ НА ПЕРФОРМАНСИ НА ЈАВНИОТ СЕКТОР ВО ЗЕМЈИТЕ ВО ТРАНЗИЦИЈА"

МОТИВАЦИСКО ПИСМО

Почитувани,

Во врска со огласот објавен на Вашата веб страна (www.dzr.mk) би сакала да го изразам мојот интерес за предлог член од Државниот завод за ревизија во првиот состав на Фискалниот совет на Република Северна Македонија.

Учеството во работата на Фискалниот совет сметам дека претставува голем предизвик и особен интерес верувајќи дека моите квалификации во врска со практичното работно искуство, диверзифицираното образование во земјата и странство, како и позитивниот персоналитет ќе придонесат да бидам конкурентен кандидат за позицијата.

Како што може да се види од мојата биографија, јас сум доктор по економски науки и имам речиси 20 години работно искуство, најголемиот дел од нив во академска институција – Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје, Економски факултет – Скопје (18 години) и во Министерство за финансии на Република Северна Македонија. Дополнително, во текот на целиот период по дипломирањето имам учествувано на различни проекти од областа на јавниот сектор, сметководството, ревизијата, финансиите, информациските технологии и професионалната едукација.

Моментално сум вработена како Вонреден професор на Економски факултет – Скопје, Департман за сметководство и ревизија каде сум координатор на предметите Основи на сметководство, Управувачко сметководство 1 и Управувачко сметководство 2 на додипломски студии и Стратегиско сметководство на менаџментот и Научно истражувачка работа по сметководство на постдипломски студии. Исто така, имам и екстензивно искуство во научно истражувачка работа во поширока област на сметководство и ревизија резултирајќи во бројни трудови објавени во домашни и меѓународни списанија и презентирани на меѓународни конференции.

Како што може да се види и од мојата биографија ангажирана сум била на бројни проекти од областа вклучувајќи разни едукации, истражувања во јавниот и приватниот сектор, проценки, ревизија на проценки и супервештачења.

Во врска со огласената позиција би сакала да го истакнам моето работно искуство во Министерство за финансии во периодот 2003-2005 година како соработник во Сектор за трезор, одделение за управување со ликвидност каде имам стекнато искуство и знаење за буџетот на државата и сум била директно вклучена во негово извршување, дневни, неделни, месечни, квартални и годишни проекции на ликвидност, проширување и пренамени на буџетот како и останати буџетски анализи.

Исто така, особено би сакала да го нагласам тесно поврзаното искуство во врска со овој оглас како што е учество на проекти поврзани со финансиите во јавниот сектор и тоа:

- Предавач и тим лидер на предметите Финансиско сметководство, Управувачко сметководство и Управување со финансии за стекнување на звања Овластен сметководител во јавен сектор и Овластен внатрешен ревизор во јавен сектор во организација на Center of Excellence in Finance од Љубљана, Словенија и Министерство за финансии за што имам посетувано бројни обуки за сертифициран предавач на Chartered

Institute of Public Finance and Accountancy (CIPFA); спроведени се повеќе циклуси на обуки, испити, преведени материјали од наведените области од 2009 година и сеуште траат во моментот;

- Изработка на компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа во првата половина на 2022 година за потребите на Министерство за финансии спроведен од УНДП;
- Изработка на компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа во 2021 година за потребите на Министерство за финансии спроведен од УНДП;
- Изработка на компаративна анализа за финансирање на единиците на локалната самоуправа за периодот 2013-2020 година за потребите на Министерство за финансии спроведен од УНДП;
- Ревизија и коментари на финансиски индикатори во 20 области кои се дел од Националната стратегија 2022 – 2042 година спроведен од УНДП;
- Експерт и тим лидер во Проектот Зајакнување на општинските совети во рамки на кои се изработени прирачници и спроведени обуки во четири циклуси (2015 до 2020 година) на модулите Буџетирање и Внатрешна финансиска контрола и ревизија наменети за советниците во општинските совети спроведен од УНДП и Здружение на финансиски работници;
- Тим лидер во Проектот Зајакнување на општинските совети за спроведување на ПЕФА оценка (Јавни расходи и финансиска одговорност – ПЕФА) на селектирани единици на локална самоуправа во два циклуси – на почеток на проектот (2017 година) и на крај на проектот (2020 година);
- Експерт во проектот Анализа на наплата на даноци во единиците на локалната самоуправа спроведен од УНДП и Здружение на финансиски работници;
- Проект „Проект за развој на вештини и поддршка на иновации – Договор за развој и дизајн на концепцијата за четиригодишно техничко образование", експерт за развивање на програма Државно сметководство, Договор за услуги бр. 001-15/2.1.2, Министерство за образование и наука, 2019;
- Клучен експерт во проект за изработка на компаративна студија и физибилити студија за издавање на општински обврзници спроведен од УНДП, 2019;
- Проект Граѓанските организации во служба на локалната демокра*тија*, спроведени се бројни обуки, направени се интервјуа, истражување и анализа како резултат на што е објавена монографија "Истражување на финансиската и нефинансиската поддршка на граѓанските организации од локалните власти", во издание на Здружение на финансиски работници, проект финансиран од Европската Унија, претставувана од Делегацијата на Европската Унија во Скопје преку повикот EuropeAid/151569/DD/ACT/MK спроведуван од Асоцијацијата на агенции за локална демократија (АЛДА) Скопје, Европското движење и Здружението на финансиски работници на локалната самоуправа и јавните претпријатија Велес, 2017-2018;
- Проект "Добро владеење на локланата демократија и граѓанското учество на ниво на локална самоуправа" поддржан од грант на Цивика Мобилитас и Швајцарска агенција за соработка и развој во рамки на кој беа изработени ПЕФА (Јавни расходи и финансиска одговорност – ПЕФА) извештаи за 10 општини, 2018;

- Изработка на база на прашања и студии на случај од областа на јавните финансии за потребите на Министерство за информатичко општество, 2016
- Имплементација на ЕРП систем во Министерство за труд и социјална работа, одговорна за модулите за буџетирање, сметководство и завршни сметки на буџетскиот корисник и сите буџетски корисници од втора линија, 2009-2010.

Во однос на вештините, сметам дека поседувам одлични комуникациски и пишани вештини, екстензивно искуство во предавање и силни истражувачки и аналитички вештини во финансиите во јавниот сектор. Како значајна компетентност би сакала да го истакнам образованието на англиски јазик во Велика Британија и САД, како и работното искуство во сметководство во меѓународна компанија во САД што претставуваат потврда за познавањето на англискиот јазик.

Исто така, како една од најзначајните лични карактеристики ја сметам способноста да работам како дел од тим, на различни позиции, вклучувајќи и тим лидер и член на тим работејќи со луѓе кои доаѓаат од различни култури и националности.

Врз основа на претходното, сакам да ја истакнам мојата голема мотивираност да аплицирам за член на Фискален совет. Можноста да бидам дел од тимот кој ќе работи на фискалната стратегија, буџетот, извршувањето на буџетот, завршните сметки на буџетските корисници, фискалните ризици и фискалните правила ми дава позитивна мотивираност да ги понудам моето знаење и досегашното искуство стекнати на полето јавни финансии и финансирање на јавен сектор кои верувам дека ќе придонесат за исклучителни бенефити кон целиот тим и државата во целина.

На крајот, дозволете ми да ја изразам мојата огромна благодарност за Вашето издвоено време за разгледување на мојата апликација. Достапна сум за дополнителни прашања на контакт податоците наведени во мојата биографија.

Со почит,

д-р Марина Трпеска

Скопје, 25.01.2022